„Ние како ЕУ сакаме да ја развиеме демократијата во целата земја. **Регрантирањето е флексибилен инструмент кој го користиме за да допреме до малите организации кои немаат капацитет да спроведуваат поголеми проекти“, изјави Никола Бертолини од Делегација на ЕУ**
на отворањето на дебатата за регрантирање организирана од
Граѓанскиот ресурсен центар
што се одржа денес (30 октомври) во Скопје.



Првата сесија од дебатата се однесуваше на регионалните искуства во регрантирањето. **Дарио ди Бенедето од Делегација на ЕУ во Косово**, зборуваше за тамошното искуство каде се доделени **317 под-грантови во рок од две години** и каде се соочуваат со **преклопување на активностите**, како и со **недоволно ниво на менторирање** на под-грантистите.

**Тина Дивјак од Словенија укажа на бирократските процеси кои донаторот треба да ги прилагоди според големината на проектот**. „Ако не се занимаваш со брикратија, ќе посветиш повеќе време на активностите од проектот. Донаторот посветува 20-30% од фондовите на проектите за мониторинг за да превенира 2% загуба“, додаде таа.
**Ирена Иванова од Делегација на ЕУ во Скопје, говореше за ситуацијата во Македонија каде досега се регрантирани 350 проекти со суми кои варираат од 5.000 до 25.000 евра.**
Таа се согласи дека процедурите треба да се поедностават, но само во случај на подобра пракса и поголема транспарентност.



Во втората сесија претставниците на Конект, Центарот за граѓански комуникации, Преда плус и АЛДА ги споделија нивните искуства како организации кои имаат проекти со регрантирање. Сите имаат пракса да ги менторираат нивните под-грантистите во активностите што ги спроведуваат, но и во раководењето со грантовите. **Сите водат сметка добитниците на грантови да бидат млади организации со мали буџети и рамномерно распределени низ планските региони на земјата**
.

Претставниците на Ганимед, Центарот за одржлив развој од Дебар и Иницијативата на невработени интелектуалци од Виница ја презентираа страната на организациите кои

се регрантирани. **Тие се задоволни од соработката и беа согласни дека ваквиот начин на финансиска поддршка е инфузија за организациите.**
Забелешките се однесуваа на сложените административни процедури кои не соодветствуваат ниту со големината ниту со времетраењето на нивниот проект, особено регистрацијата на проектите во Секретаријатот за европски прашања и Управата за јавни приходи.

